Архивски бр.: 09-2911/1
Датум: 12.06.2024

Врз основа на член 50 став 1 точка 14, 15 и 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе:

# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ

## Предмет
Член 1

Со овој Кодекс се пропишуваат етичките стандарди и правила на однесување на вработените во Општина Центар-Скопје (во натамошниот текст: Општината).

## Цел
Член 2

Целта на овој Кодекс претставува поттикнување на доброто постапување и однесување на вработените во Општината и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институциите на јавниот сектор.

## Примена
Член 3

Вработените во Општината ги применуваат правилата на однесување и етичките стандарди во односите со колегите, со претпоставените и со странките, како на нивното работно место, така и во приватниот живот и јавноста.

## Непочитување
Член 4

За непочитување на одредбите на овој Кодекс, вработените одговараат дисциплински согласно важечките позитивни прописи.

**Законитост**
Член 5

Вработените го почитуваат Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, како и интерните акти и правила на Општината и не подлегнуваат на притисоците од страна на претпоставените или надворешни субјекти за извршување на противуставни и незаконски работни задачи, а доколку им се доделат работни задачи спротивни на Устав или закон, за истото веднаш ги известуваат овластените лица и институции.

**Професионалност**
Член 6

Вработените ги извршуваат работите самостојно и навремено врз основа на своите работни компетенции, правилата и процедурите на службата, почитувајќи ги приоритетот и редоследот на задачите. Работните задачи ги извршуваат одговорно, стручно и ефикасно со примена на своите знаења и вештини, придонесувајќи кон градење и одржување на општото добро, растот и општествените вредности, создавајќи услови за одржлив човечки и социјален развој.
Знаењето стекнато во процесот на континуираното надоградување и обука, вработените го користат за подобрување на својата работа и развојот на институцијата.

**Непристрасност**
Член 7

Во работата и однесувањето, вработените постапуваат непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција и не даваат посебен третман на било кој поединец или правно лице.

**Демократски вредности и социјални права**
Член 8

Вработените во своето работење и однесување, со својот личен пример ги промовираат демократските вредности и владеење на правото и ги почитуваат принципите на хуманост, еднаквост, недискриминација и социјална правда, залагајќи се за вклучување на граѓаните и засегнатите страни во процесот на креирање на политиките.

**Недискриминација**

Член 9

Вработените се придржуваат до сите закони и други прописи кои предвидуваат еднакви можности и услови за сите во материјална и нематеријална смисла, без разлика на раса, боја на кожа, вероисповест, пол, етничко потекло, возраст или хендикеп.
Вработените, во своето работење и однесување не вршат дискриминација по основ на пол, возраст, етничко или социјално потекло, јазична, верска припадност, брачен статус, здраствена состојба или на каква било друга основа.
Вработените обезбедуваат еднакви стандарди при испорачувањето на услугите, преку фер и правичен однос.

**Политичка неутралност**

Член 10

Вработените ги вршат работите и работните задачи политички неутрално, без да ги изразуваат своите политички ставови и уверувања при вршењето на службените задачи, ниту да навлегуваат во вредносно преиспитување на утврдените политики.
Вработените не ја истакнуваат, ниту ја наметнуваат на други својата политичка определба.
Во просториите на Општината, вработените не носат, ниту истакнуваат обележја на политички партии, ниту нивен пропаганден материјал.

**Личен интегритет**

Член 11

Вработените со својот личен пример ги промовираат вредностите како вистинитост, чесност, правичност, професионалност, совесност, одговорност и доверливост кон колегите и странките, а со цел остварување на функциите и одржување на угледот на Општината.

**Застапување на јавниот интерес**

Член 12

Вработените не се доведуваат во состојба на судир на личниот со јавниот интерес и се спротивставуваат на секое нечесно, несовесно и недолично однесување во службата.
Во своето работење, вработените го застапуваат јавниот интерес, правата и интересите на сите граѓани и другите субјекти во заедницата, имајќи ги предвид развојните цели на општеството.

**Злоупотреба на статусот на вработен во Општината**
Член 13

Вработените не ја искористуваат својата положба, јавното овластување и службената должност за остварување на каква и да било корист за себе или друг.
Вработените не примаат, ниту поддржуваат прием на било какви подароци, предмети или други користи од други лица, посредно или непосредно, заради делување или неделување во службата.
Вработените не ги користат предностите кои произлегуваат од нивниот статус на вработен во Општината, заради остварување на лична корист и не нудат, ниту обезбедуваат било какви предности кои би можеле да се поврзат со статусот на вработен во Општината.

**Постапување со информациите**
Член 14

За сите корисници на податоци се обезбедуваат вистинити, соодветни, навремени, веродостојни, квалитетни и целосни информации, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштита на личните податоци.

Вработените го олеснуваат пристапот до податоците со кои располагаат во своето работење и кои се потребни за остварување на правата и интересите на граѓаните и другите субјекти во заедница.

Вработените ги третираат информациите до кои доаѓаат при своето работење почитувајќи го системот на класифицирани информации.

Вработените не користат службени информации кои не се јавни и не дозволуваат несоодветна употреба на службените информации за напредување, заслуга или остварување на било какви други лични интереси.

**Однесување на работното место, приватниот живот и јавноста**
Член 15

Вработените го разбираат и доживуваат работењето во Општината како одговорна, угледна и почитувана професија.
Вработените се воздржуваат од давање на штетни изјави за службата без притоа да се оневозможи остварување на правото на градење на сопствен став и јавно изразување на мислење.
Вработените како на работното место, така и во приватниот живот и јавноста се однесуваат достоинствено и не постапуваат на начин со кој би се нарушил нивниот личен углед и угледот на Општината во целина.

Вработените во своето однесување и дејствување надвор од работното место, во претставување на јавни настани, на социјалните мрежи или во каков било друг облик на комуникација, ќе претставуваат пример за соодветно и достоинствено однесување и нема да изнесуваат податоци од делокругот на работа на Општината и од работното место на начин на кој би се нарушил угледот на Општината и би се поткопала довербата на граѓаните.

**Постапување со предмети и документи**
Член 16

Вработените се грижат за безбедноста на доверените предмети и документи.

**Однесување со странки**
Член 17

Вработените остваруваат редовна и отворена комуникација со граѓаните и правните лица, на начин што кон странките се однесуваат љубезно, учтиво, со почит, даваат јасни и недвосмислени информации, упатства и совети за понатамошно постапување.
Вработените континуирано работат на подигнување на севкупниот квалитет на јавните услуги, внимателно и сериозно пристапуваат кон предлозите на странките, а сите забелешки и критики ги сослушуваат со трпение и без предрасуди.
Во случај странката да е незадоволна од одговорот, вработениот се обраќа до непосредно претпоставениот вработен и пораката ја пренесува до него.

**Добро однесување со колегите и претпоставените**
Член 18

Во односот со колегите, секој вработен го негува духот и начелата на тимска работа, взаемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка. Се почитува приватноста и дискрецијата на колегите и претпоставените, на начин што се одбегнува непрофесионален и субјективен пристап.
Комуникацијата и соработката се одвива на начин кој не го повредува достоинството и личниот интегритет, туку придонесува за создавање на пријатна работна атмосфера, толерантност, транспарентност и меѓусебно разбирање.
Во комуникацијата со колегите, вработениот не го повишува тонот, не навредува, ги избегнува конфликтните ситуации и покажува иницијатива за нивно спречување, практикува и промовира грижа за колегите и работи на заштита и унапредување на остварувањето на нивните права и обврски.
Во односот со претпоставените, вработениот го почитува нивниот авторитет и положба, покажувајќи разбирање за воведување на технички, организациски и друг вид на промени.

**Пристојно облекување**
Член 19

Вработените посветуваат внимание на хигиената, изгледот и начинот на облекување, со цел да не се предизвика впечаток на непристојност и нарушување на угледот на институцијата. Облеката на вработените треба да биде чиста, формална и уредна.
Формалниот и пристоен начин на облекување ја изразува почитта на вработениот кон службата, но и кон колегите, претпоставените и странките, запазувајќи ја слободата во одлучувањето и изборот на облеката која ќе се носи во текот на работното време.
Во Општината не се дозволува облека која:

- вообичаено се користи во домот, во ноќни клубови или за спортски активности;
- премногу ги открива грбот, градите, стапалата, стомакот или долната облека на вработениот;
- е неиспеглана, истуткана, нечиста, изветвена, проѕирна;
- содржи зборови, изрази, или слики кои можат да бидат навредливи или неприфатливи за другите вработени и за клиентите и соработниците на Општината.

**Користење на ресурсите**
Член 20

Вработените ќе обезбедуваат економично и ефикасно управување и користење на материјалните средства, опремата и предметите што им се доверени во извршување на работните задачи.
Вработените нема да ги користат за приватни потреби ресурсите кои им се доверени исклучиво за службени цели.

**Потпишување на изјава**
Член 21
Обврската за потпишување на Изјавата за прифаќање на Декларацијата за заедничката мисија на вработените во јавниот сектор која претставува составен дел на Кодексот за административни службеници, ("Службен Весник на Република Македонија" бр.183/14), се однесува исклучиво на административните службеници вработени во Општина Центар-Скопје.

**Објавување**
Член 22

Овој кодекс се објавува на веб страницата на Општина Центар-Скопје по неговото влегување во сила.

**Влегување во сила**
Член 23

Овој Кодекс влегува во сила на денот на неговото донесување.

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Горан Герасимовски**

Изработиле: И.Белазеклоска

J.Танчева

Контролирал: С.Танчева

М.Карчовска

Одобрил: О.Лазоски

Согласен: Георги Трајчев

ул. Михаил Цоков бр.1 , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203 602
електронска пошта: info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk